ФИЛОЗОФСКА ТРИБИНА, 43, бр. 27, стр. 15–34, пролет 2020

**УДК: 101.8**
**167**

# ЛОГИКАТА КАКО *MEDICINA MENTIS*: КОН НАУЧНИОТ И ПЕДАГОШКИОТ ПРИДОНЕС НА ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА ПАНЗОВА ЗА РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛОЗОФСКО-ЛОГИЧКА МИСЛА

**Ана Димишковска**

Во првите мигови на шокот, болката и неверувањето што го предизвикува ненадејното физичко заминување на драгите и блиски луѓе, оние што оставиле неизбришлив печат врз нашиот живот, врз личното и интелектуалното созревање, со нас господари чувството на ненадоместлива загуба: чувството дека ни е одземено нешто непроценливо вредно и дека остануваме прерано лишени од незаменлив содружник со кој уште долго би требало да ја споделуваме заедничката животна врвица. Но личностите што со својата дејност, залагање и позитивно влијание врз својата околина го исполниле своето земско време со вредни интелектуални и човечки потфати, спонтано будат и еден поинаков импулс, друга инстинктивна реакција кај оние што остануваат после нив. Тоа е, всушност, силното доживување на некој вид безвременско траење, потребата умот да се насочи не кон делот од нас што порано или подоцна нужно заминува, туку кон оној што засекогаш останува; поривот да се мисли не на она што ни е одземено со нечие отсуство, туку на она што ни било штедро дарувано со присуството на таа личност, и што ќе биде засекогаш зачувано во навидум флуидната, но во суштина најтрајната супстанција на светот: онаа на човечките мисли, зборови и спомени. Во таа супстанција се излева она што е поотпорно од мермерот и од бронзата, од неа се гради она што ќе опстане и кога секој мате-

ријален паметник, колку и да бил цврст и импозантен, најпосле ќе се строши во прав, покажувајќи каде всушност лежи вистинското богатство на човечкиот свет: во сферата на персоналитетот, на умот и на духот. Овој текст е поттикнат токму од таквата внатрешна потреба да се отвори ризницата на интелектуалното наследство што во својата речиси петдецениска научна и наставна дејност ни го остави нашата драга, прерано замината професорка и пријателка, проф. д-р Виолета Панзова. Во неговата основа лежи желбата да се укаже на неизбришливата трага што таа ја има втиснато во историјата на македонската филозофско-логичка традиција, но и на живиот, активен агенс на нејзините идеи и академски етос, кои ќе продолжат да ја вдахновуваат дејноста на следните генерации нејзини студенти, соработници и следбеници.

Меѓу една од темелните идеи што професорката Панзова ја застапуваше во поглед на логиката – дисциплината на која ѝ го посвети целиот свој професионален ангажман – беше уверувањето дека таа е еминентно филозофско подрачје и дека треба да се развива во духот на интегралноста и широчината на филозофскиот пристап, а не само, или првенствено, како редукционистички сфатена формална теорија. Кога во повеќе наврати, пред своите студенти и соработници, ги евоцираше сеќавањата на мотивите што ја инспирирале да ја избере токму логиката за свое подрачје на усовршување, професорката Панзова имаше обичај да потенцира дека тоа била фасцинацијата од универзалноста и од обединувачката моќ на оваа филозофска гранка. Во нејзината визија, логиката не претставуваше некаква езотерична дисциплина чии симболички тајни можат да ги разберат само малкумина, туку, напротив, обединувачко ткиво што преку нишките на нашата заедничка рационална природа ни овозможува нам, на луѓето, да ги надминеме разликите што нè раздвојуваат на сите рамништа и да комуницираме на суштински начин. Оттаму, идејата што таа систематски ја развиваше во својата научна и наставна дејност беше замислата за логиката како една општа теорија за рационалноста, која се однесува на сите подрачја во кои се оперативни рационалните механизми и која ја има сложената, апстрактна природа на „мисла што се мисли самата себеси“, но и на незаменлив практичен инструмент во сите сфери на расудувањето и на дејствувањето.

Зборувајќи за специфичната природа на логиката, професорката Виолета Панзова честопати ја споменуваше прочуената констатација на Јозеф Бохенски, според која, после филозофијата, логиката е дисциплина за која во нејзината историја се оформиле најголем број различни, честопати и спротивставени определби. Така, во долгата низа начини на кои мислителите низ историјата се обидувале да ја определат природата на логиката како филозофска гранка, се среќава и една впечатлива метафора што ја употребувале повеќемина рационалистички ориентирани филозофи од XVII век, особено картезијанецот Јохан Клауберг (Johannes Clauberg): *medicina mentis*. Имено, според оваа замисла, логиката претставува еден вид „медицина на умот“. Интерпретирана во најширока смисла, оваа метафора ја сугерира идејата дека како што „обичната“ медицина, онаа што се занимава со физичкиот аспект на човекот, го изучува неговото оптимално функционирање во состојба на здравје, но и неговата патологија, настојувајќи да развие соодветни лекови за „застранувањата“ во дејствувањето на физиолошките механизми, така и логиката, во сферата на умот, ги определува критериумите на оптималното, валидното расудување, ги проучува неговите обрасци, ги развива вештините на нивното правилно користење, но и ги идентификува и ги анализира грешките и заблудите во заклучувањето и аргументирањето и изнаоѓа средства за нивно идентификување, разобличување и коригирање.

Иако оваа идеја е формулирана во еден контекст што во многу аспекти се разликува од сфаќањето карактеристично за современата логика, особено за нејзиниот формално–симболички облик, се чини дека во него, во имплицитна форма, се присутни некои од клучните елементи на начинот на кој професорката Панзова ја доживуваше исклучително важната задача и мисија на својата дисциплина. Имено, низ нејзините текстови и излагања постојано провејуваше свеста дека умот е она што човекот го издигнува кон вишите сфери на универзалното и неминливото, она што му овозможува да проникне до суштините, да пробие зад превезот на феномените, да ги открива постојните и да создава сè уште непостојни нешта; дека тој е еден од столбовите врз кои се гради човечката заедница и водич на човековото мудро и промислено практично дејствување. Меѓутоа, таа никогаш не забораваше да истакне дека токму поради тоа што е толку моќна

и со толку фасцинантен потенцијал, човековата рационалност може да биде и мошне опасна алатка, и дека нејзината „патологија“ има длабоки деструктивни последици.

Во тој аспект, нејзините сфаќања ги следеа увидите на Аристотел, како и на многумина подоцнежни мислители низ историјата на логиката, кои посочуваат дека дисфункционалноста при употребата на рационалните механизми потекнува од два главни извора: едниот е непознавањето на критериумите и стандардите на рационалноста, односно на правилата и на обрасците на валидното расудување и аргументирање, а другиот е нивното намерно и свесно злоупотребување, користењето за манипулативни и етички неприфатливи цели. Според тоа, „медицината на умот“ треба да трага по „лек“ што, ако не може да ги искорени, тогаш барем ќе ги ублажи двете тенденции што се длабоко вкоренети во човековата природа, а што систематски го попречуваат оптималното функционирање на расудувањето, комуникацијата и дејствувањето. Едната од нив е тенденцијата за препуштање на инерцијата на незнаењето, а другата – склоноста кон злонамерно, еристичко користење на знаењето. Оттаму, од духот на метафората за логиката како *medicina mentis*, произлегува дека проучувањето и развивањето на оваа филозофска гранка има две меѓусебно поврзани, фундаментални цели. Првата е постојано унапредување на знаењето за логичките феномени, преку продлабочување на разбирањето на коректните начини на кои нашите логички релевантни сознанија се формираат, изразуваат, систематизираат и изведуваат едни од други. Втората, не помалку важна цел е негувањето на етосот на нивна правилна дијалектичка употреба, која го вклучува и вредносниот аспект на знаењето и комуникацијата.

Самиот увид во опусот на професорката Виолета Панзова, од аспект на неговата структура и тематски преокупации, може да посведочи за нејзината посветеност кон истовременото остварување на овие две фундаментални задачи. Така, паралелно со врвните формално-логички студии, преку кои таа ги инкорпорираше светските дострели на планот на симболичката логика во македонската филозофско-логичка традиција и придонесуваше за нивниот понатамошен развој, остваруваше и една мошне важна педагошка мисија. Таа мисија се состоеше во конципирањето и реализирањето на логичкото образо-

вание базирано врз сфаќањето на рационалноста не само во чисто инструментална, туку и во етичко-нормативна и вредносна смисла, постојано афирмирајќи ја тесната врска на логосот и на етосот како темел на филозофското сфаќање на логиката.

Оттаму, во овој кус осврт кон нејзиниот придонес за македонската филозофско-логичка мисла, ќе бидат посочени три тематски оски околу кои се концентрираше нејзиниот професионален ангажман како истражувач и како професор, три главни јадра околу кои гравитираа нејзините интересирања одразени во многубројните книги, текстови, предавања и јавни настапи. Низ нивната елаборација може да се согледа уникатниот начин на кој професорката Панзова, директно или индиректно, ја афирмираше улогата на логиката како *medicina mentis*, сфатена во гореспоменатата смисла. Првото од овие јадра е врската на логиката и на јазикот, согледана како во контекст на богатата историја на логичко-семантичките учења, така и низ призмата на најсовремените формално-логички модели и техники за третман на природните јазици и нивните логички карактеристики и функции. Тука е особено важно да се истакне нејзиниот особен придонес кон афирмацијата на македонскиот јазик: од една страна, преку расветлувањето на неговата длабинска логичка структура, а од друга, преку пионерскиот потфат на систематско градење на македонската логичка терминологија. Второто јадро ја опфаќа епистемолошко-методолошката проблематика, во чии рамки професорката Панзова систематски ги истражуваше филозофско-методолошките платформи, како и логичките постапки, принципи и техники што го сочинуваат корпусот на општата методологија и што сите научни дисциплини ги користат во откривањето, формулирањето, систематизирањето и верификувањето на сознанијата од своите подрачја. Најпосле, третото проблемско јадро се однесува на сферата на логичкото образование на сите степени, од средношколско рамниште до нивото на докторски студии, кое професорката Панзова трајно го унапреди и збогати. Нејзиниот педагошки придонес го опфаќа не само конципирањето на наставните планови и програми по логичко-методолошките дисциплини, туку и пишувањето на учебници и прирачници со чија помош сегашните и идните генерации студенти ќе можат успешно да ги усвојуваат сознанијата од овие подрачја, но и да се оспособат за нивно применување и понатамошно усовршување.

Изборот главните линии на научниот и педагошкиот портрет на проф. Виолета Панзова да се исцртаат преку овие три тематски подрачја подразбира дека во рамките на кусиот приказ на секое од нив ќе бидат анализирани различни типови содржини и публикации, што потекнуваат од различни временски периоди на нејзината интелектуална дејност. Таквиот избор се должи на фактот што една од карактеристиките на нејзиното творештво беше способноста сложените комплекси од логички идеи да ги третира со подеднаква прецизност и разбирливост во сите комуникациски контексти, од високо специјализираните книги и статии, преку учебните материјали, сè до текстовите наменети за поширок аудиториум. Оттаму, организирачкиот принцип во рамките на секој од деловите на текстот што следуваат нема да биде хронолошкиот или библиографскиот, туку принципот на конзистентното развивање на соодветното јадро од идеи низ различните видови текстови на проф. Панзова што се посочени како најрепрезентативни за конкретната проблематика.

**а) Логиката и јазикот**

Еден од највпечатливите белези на целокупниот опус на професорката Виолета Панзова е нејзиното континуирано интересирање за длабоката и сложена врска меѓу логиката и јазикот, инспирирано од парадоксалната поврзаност на рамништата на партикуларното и на универзалното. Имено, од една страна, различието на природните јазици како посебни комуникациски системи овозможува изразување на најсуптилните нијанси на уникатните доживувања на светот карактеристични за различните говорни заедници, како и за индивидуалните говорители на определен јазик. Од друга страна, заемната преводливост на природните јазици едни во други и статусот на јазикот како универзален инструмент на познанието и на комуникацијата укажуваат на неговиот капацитет за премостување на индивидуалните и културните разлики и досегање до рамништето на општото, заедничкото, универзалното.

Интригирана од проблемот на филозофското објаснување на универзалниот капацитет на јазикот, професорката Панзова значаен дел од своите истражувачки напори посвети на развивањето на идејата дека еден суштински дел од тој капацитет лежи во логичкото

јадро на јазикот, во неговата логичка структура што ја споделуваат не само природните јазици, туку и вештачките симболички јазици од различен вид. Главната теориска инспирација за оваа насока на нејзините истражувања ја претставуваше големиот семиотички проект на американскиот филозоф и логичар Ричард Монтеѓу (Richard Montague), кој формулираше еден вид „универзална граматика“ како општа теорија за јазичките структури, применлива и врз природните и врз вештачките јазици. Изградена како апстрактна формално-логичка конструкција, со прецизна логичко-математичка апаратура, универзалната граматика овозможува граматиките на одделните јазици да се изведат како нејзини специјални случаи. Самиот Монтеѓу принципите на својата универзална граматичка теорија ги примени во анализата на еден природен јазик – англискиот, создавајќи еден вид логичка граматика на овој јазик. Конструирањето на логичките граматики на природните јазици е значајно не само како теориски дострел, туку и поради практично-апликативните можности што ги отвора, создавајќи ја подлогата за подготовката на јазиците за нивно заемно автоматско преведување.

Следејќи ги главните линии на Монтеѓуовиот пристап, професорката Панзова го осмисли и го изведе пионерскиот потфат на примената на проектот на универзалната граматика врз македонскиот јазик, и систематски го обработи првиот, фундаментален дел од логичката граматика на нашиот јазик – неговата логичка синтакса. Таа насока на истражување беше започната уште со нејзината докторска дисертација „Можностите за примена на логичките конструкции – Монтеѓуовата граматика и македонскиот јазик“, одбранета на Филозофскиот факултет во Белград во 1989 година, а кулминираше со објавувањето на книгата *Универзалната граматика и македонскиот јазик* (Скопје: Епоха, 1996). Оваа книга претставува прва систематска логичко-лингвистичка студија за македонскиот јазик, третиран со средствата на современата симболичка логика. Таа е од исклучително значење за афирмацијата на македонскиот јазик и култура и за нивното вклучување во светската културна и интелектуална ризница. Едновремено, оваа книга дава значаен теориски придонес во логичката литература не само кај нас, туку и во глобални рамки. Имено, преку систематското анализирање на граматиката на македонскиот стандарден јазик низ

логичката призма, проф. Панзова успеа да ги идентификува не само неговите белези што без остаток можат да се вклопат во постојните формално-логички модели, туку и неговите логички специфики, за чие адекватно третирање беше потребно да се направат модификации во стандардната логичка апаратура.

Оригиналноста на оваа студија се огледа и во тоа што таа постави цврсти темели и го отвори патот за обработка на другите сегменти на логичката граматика на македонскиот јазик, инспирирајќи ги непосредните соработници на проф. Панзова да се вклучат во продолжувањето на овој фундаментален проект. Така, проф. д-р Анета Маркоска Чубриновска ја обработи логичката семантика на македонскиот јазик со апаратурата на т.н. интензионална логика (*Логиката на јазикот: логичка семантика на македонскиот јазик*, Скопје: Аз-Буки, 2011), а авторката на овој текст се занимаваше со општите филозофски истражувања на прагматиката како семиотичка гранка и нејзината врска со теоријата на аргументацијата (*Прагматиката и теоријата на аргументацијата*, Скопје: Ѓурѓа, 2001), во насока на создавањето теориска платформа за идните логичко-лингвистички проучувања на формалните аспекти на прагматиката на македонскиот јазик.

Друг аспект на фасцинацијата од функционирањето на логичко-јазичките механизми, кој претставуваше една од повеќедецениските преокупации на проф. Виолета Панзова, беше проблематиката на семантичките парадокси, со која се занимаваше уште во својот магистерски труд „Семантичките парадокси и обидите за нивно разрешување“, одбранет на Филозофскиот факултет во Белград во 1981 година. Две децении по магистрирањето, во текот на кои систематски ги истражуваше логичките особености на природните јазици, таа со нов ентузијазам и продлабочен увид се наврати кон темата на парадоксите, објавувајќи го своите резултати во книгата *Семантичките парадокси* (Скопје: Ѓурѓа, 2001).

Сериозните теориски и практични импликации од јавувањето на логичките парадокси, сфатени како ситуации во кои од премиси прифатени како вистинити и со почитување на правилата на логичкото следување се изведуваат неприфатливи или проблематични конклузии, придонесуваат за нивната важност како објект на интересирањето на филозофите и на логичарите од антиката па сѐ до денес. Главната

идеја што проф. Панзова ја застапува во оваа студија е дека семантичките парадокси периодично доаѓаат во фокусот на вниманието на истражувачите од областите на логиката, филозофијата и разните научни гранки токму во миговите што се клучни за понатамошниот развој на нивните дисциплини. Во таа смисла, иако, од една страна, тие ги разнишуваат или ги проблематизираат востановените теориски матрици и парадигми, обидите за нивно решавање отвораат нови концептуални и технички хоризонти и претставуваат извор на инспирација и предизвик за нови интелектуални дострели.

Посебен теориски придонес на оваа книга претставува предложената класификација на семантичките парадокси во зависност од сфаќањето за типот на проблемот што лежи во нивната основа: (1) недостатокот од ограничувања при употребувањето на некои термини и изрази од јазикот, особено на оние што го имаат својството на самореферентност; (2) проблематичноста на самите претпоставки од кои се изведуваат парадоксните изрази, или (3) контроверзниот карактер на логичките принципи и правила според кои се врши нивното изведување. Врз основа на оваа класификација, проф. Панзова ги систематизира и критички ги елаборира главните начини на кои се трага по решенијата на овие парадокси. Меѓу најзначајните од нив се вбројуваат, од една страна, делењето на изразите на јазикот во семантички категории и востановувањето на определени принципи што ќе го регулираат нивното поврзување, а од друга – критичкото преиспитување на принципите и правилата на класичната логика, што во некои случаи доведува до отфрлање на дел од нив и создавање на алтернативни, некласични логики.

Во завршниот дел од студијата, проф. Панзова укажува дека ниту едно од овие решенија не успева дефинитивно да го „затвори“ прашањето на парадоксите, ниту да го скроти „субверзивниот“ потенцијал на природниот јазик, кој ги поткопува амбициите на формално-логичките теории да поставaт универзална и конзистентна симболичка рамка на расудувањето. Сепак, паралелно со оваа констатација, проф. Панзова го изразува и длабокото уверување дека „парадоксите ќе останат постојан предмет на дискусии за да принудуваат на размислување, да иницираат нови теории и да го поттикнуваат понатамошниот развој на логиката и на мислата воопшто“ (стр. 173). Иако се занимава

со една сложена и високо апстрактна материја, во која мислата постојано е принудена „да се бори со самата себеси“, оваа книга успева суштината на логичките проблеми со кои се занимава да ја прикаже на мошне јасен и концизен начин. Со тоа таа на читателите им нуди нови концептуални алатки за анализа и разбирање на филозофско-логичката загатка на парадоксите. На овој начин таа, меѓу другото, нив ги оспособува да ја разликуваат реалната тежина на теорискиот предизвик што го претставуваат логичките парадокси од површноста на манипулативните јазични маневри присутни во софизмите како намерни прекршувања на логичките правила.

Прашањата поврзани со семантика како јазично-логичка дисциплина, особено со нејзините две клучни категории – значењето и вистината, се предмет и на друга публикација од опусот на проф. Панзова. Станува збор за зборникот текстови под наслов *Значењето и вистината* (Скопје: Ѓурѓа, 1998) кој содржи статии од некои од најистакнатите логичари од антиката па до денес, посветени на стожерните логичко-семантички проблеми, како што се, на пример, референцијата и реферирањето, односот на имињата и дескрипциите, онтолошкиот статус на значењата, функционирањето на поимот на вистината во природните и во формализираните јазици, итн. Проф. д-р Виолета Панзова се јавува како приредувач на зборникот и преведувач на дел од текстовите, а другиот дел од нив се преведени од страна на проф. д-р Анета Маркоска Чубриновска.

Во овој зборник се поместени текстови што претставуваат незаобиколна референција во логичко-семантичките истражувања од емпиристичко-аналитичката традиција, чии автори се Џон Стјуарт Мил, Готлоб Фреге, Бертранд Расел, Алфред Тарски, Сол Крипке, Мајкл Дамит и други современи мислители. Меѓутоа, зборникот содржи и текстови посветени на логичко-семантичките учења на Аристотел, на стоиците и на средновековните мислители, со што дава мошне важна, заокружена историска перспектива на развојот на оваа проблематика во рамките на западната логичка мисла. Систематски конципиран, преведен на врвно стручен и прецизен начин и придружен со опстоен аналитички предговор, овој зборник им овозможува на македонските читатели директно да се запознаат со логичките теории за значењето на различните видови изрази и за вистината како логички концепт,

да ги воочат важноста и импликациите од нивните резултати, но и теориски да се подготват за самостојно следење на современите истражувања од оваа област. Оттаму, оваа публикација, од самото нејзино објавување па до денес е дел од задолжителната литература на студиите по филозофија, особено по предметите *филозофија на јазикот* и *историја на логиката*, а освен тоа е широко користена и од сите други заинтересирани за логичко–филозофските аспекти на јазикот.

Во творечкиот корпус на проф. Панзова јазикот не претставуваше само апстрактен објект на теориско интересирање, туку и жива интелектуална материја што, особено во научната употреба, има потреба од систематско градење, обликување и усовршување. Нејзината посветеност на развивањето на капацитетите на македонскиот јазик, кој се манифестираше уште во проучувањето и систематизирањето на неговата логичка структура низ призмата на универзалната граматика, имаше и друга, практична и далекусежна димензија: градење и усовршување на македонската терминологија во областа на логиката и на сродните дисциплини. Како резултат на повеќедецениската работа во оваа област, професорката Панзова го создаде и го публикуваше првиот македонски логички лексикон (*Логички лексикон*, Скопје: Филозофски факултет, 2005), со кој пополни една голема празнина која подолго време се чувствуваше во нашата академска и научна средина поради целосниот недостиг на публикации од ваков тип. Лексиконот опфаќа повеќе од 700 одредници, во кои се обработени фундаменталните поими на логиката, сфатена не само во потесната смисла како наука за формално правилното заклучување, туку и во поширока смисла, како општа теорија на рационалноста. При обработката на термините авторката успешно ја одржува рамнотежата меѓу обидот да се најдат македонски еквиваленти за меѓународно прифатените логички термини и настојувањето избраните терминолошки решенија да бидат компатибилни со универзалната стручна лексика во оваа област. За секој термин се наведени еквивалентните термини на четири светски јазици: германски, англиски, руски и француски, а за поголемиот број термини се посочени нивните корени, на јазикот и на писмото од кое потекнуваат, главно старогрчкиот и латинскиот.

Во изнаоѓањето на еквивалентните значења на термините, како и во изведувањето на нивните концизни, јасни и мошне содржајни

објаснувања, проф. Панзова го демонстрира сето свое знаење и умеење стекнато низ долгогодишното теориско и педагошко занимавање со оваа дисциплина. Оттаму, оваа книга претставува дело од фундаментално значење, во кое цврсто и конзистентно се обликува јадрото на македонската логичка терминологија, и преку кое на сите заинтересирани читатели – студенти, научници, интелектуалци воопшто – им дава можност за директно и систематско запознавање со една специфична мисловна сфера каква што е логиката и за користење на нејзините придобивки.

При евалуацијата на повеќекратниот научен придонес на ова дело мора да се потенцира дека оригиналните публикации од овој тип се мошне ретки не само на јазиците од нашето непосредно опкружување, туку и во европски и во светски рамки воопшто. Со изворната обработка и елаборација на корпусот логички термини во рамките на овој лексикон не само што се изградува стручната терминологија во една фундаментална филозофска гранка чии поими и операции имаат универзална применливост, туку се унапредуваат и прошируваат и семантичките и експресивните капацитети на самиот македонски јазик. Преку овој и сличните потфати, тој ја демонстрира и дополнително ја развива својата способност во нашата култура да ги инкорпорира глобалните дострели на логичката мисла и да ги изрази дури и нејзините најсуптилни нијанси, застанувајќи, во тој поглед, рамо до рамо со светските јазици со многу подолги и побогати логичко-филозофски традиции.

### б) **Методологијата, филозофијата на науката и техниката на научно-истражувачката работа**

Во духот на поширокото сфаќање за логиката како филозофска дисциплина, покрај истражувањата од областа на симболичката логика и филозофијата на јазикот, професорката Панзова систематски се занимаваше и со прашањата на методологијата, филозофијата на науката и техниката на научно-истражувачката работа. На оваа проблематика, освен многубројните статии, прилози и предавања, беше посветена и последната книга што таа ја објави за време на својот живот – обемната, систематска студија *Вештината на истражувањето – општите методски постапки во научната работа* (Скопје:

Филозофски факултет, 2018). Ова дело од областа на општата методологија на научното истражување ги третира најзначајните аспекти на научната дејност: теориските или филозофските претпоставки што се имплицитни во секоја научна дисциплина и, поединечно, во секое научно истражување; методските постапки што ги користат сите науки во стекнувањето, систематизирањето и верификувањето на научните знаења, како и самата технологија на научната работа, со конкретни упатства и примери од различни научни области, за сите фази во создавањето на еден научен труд.

Во оваа студија, професорката Панзова одново ги покажува оригиналните елементи на својот пристап, кој се базира врз следењето и применувањето на светските, глобални дострели во соодветната проблематика, но не на некритички или еклектички начин, туку во духот на сопствената интегрална теориска концепција. Така, во стандардните методолошки студии и прирачници од светската продукција теориските елементи на методологијата како логичко–филозофска дисциплина и практичните аспекти на научното истражување, систематизирањето и вреднувањето на резултатите од него вообичаено се третираат одвоено, во посебни публикации. Наспроти тој тренд, во ова дело тие два аспекта се согледуваат како неразделно поврзани, и се елаборираат на еден систематски и кохерентен начин. Имено, проф. Панзова ја започнува оваа студија со филозофска анализа и расветлување на самата суштина и значење на научното истражување, а потоа ги разработува класичните и современите методолошки пристапи кон науката, анализирајќи ги теориските платформи развиени од страна на овие пристапи во согласност со општите филозофски начела што лежат во нивната основа. Така поставената глобална рамка потоа се конкретизира низ поглавјата посветени на општата постапка на научното истражување, општите научни методи, етапите на научно–истражувачкиот процес, систематизирањето на резултатите од научните истражувања и нивно презентирање во различни видови научни трудови.

Според тоа, оваа студија има нагласена логичко–филозофска релевантност, бидејќи третира прашања што се суштински за карактерот на науката воопшто, како што се филозофските основи на науката, проблемот на растежот на научните знаења, научната стратегија,

практичните и теориските импликации на научните достигнувања и сродните проблеми. Меѓутоа, таа има и големо практично значење, затоа што на потенцијалниот читател, во концентрирана, прегледна и кохерентна форма му го предочува комплексот од поими и процедури, чие познавање е неопходно за секој научен работник од која било област. Во таа смисла, ова дело на мошне уверлив начин ја покажува издржаноста и важноста на сфаќањето според кое методологијата, особено нејзиниот општ дел, всушност, претставува примена на логиката и нејзините принципи, критериуми и методи во различните подрачја на научните истражувања и со тоа го конституира заедничкото, поврзувачко и филозофски импрегнирано јадро на науката како човекова рационална дејност.

Практичните аспекти и техники на научно-истражувачката работа се предмет и на други значајни публикации на проф. Панзова што припаѓаат на методолошкото подрачје. Меѓу нив особено се истакнува книгата *Науката како занает* (Скопје: Филозофски факултет, 2003), која хронолошки ѝ претходи на студијата *Вештината на истражувањето* и третира сродна проблематика, но, како што сугерира и самиот нејзин наслов, акцентот го става првенствено врз техничките, „занаетчиски" аспекти на научно-истражувачката работа. Ова дело, кое претставува еден вид прирачник за сите автори што пишуваат и публикуваат научни и стручни трудови од каков било вид, содржи прецизни и детални упатства што истражувачот го водат низ секоја фаза од научно-истражувачката работа, од изборот на темата на неговото истражување па сè до пишувањето и документирањето на трудот што треба да произлезе како резултат од истражувањето.

Во времето на своето појавување, оваа книга беше единствена од ваков вид кај нас, која систематски ги третираше општите методолошки прашања и принципи што им се заеднички на сите дисциплини. Таа набрзо доби статус на еден од најзначајните прилози кон развојот и усовршувањето на методолошките аспекти на научната дејност во нашата земја, особено во изучувањето и практикувањето на оваа дејност на високообразовните институции. По воведувањето на реформираното студирање според ЕКТС, оваа книга стана водич при изработката на семинарските трудови, есеите, дипломските работи на студентите, но се покажа како мошне корисна и за сите студенти на

последипломските и докторските студии во контекст на изработката на нивните семинарски трудови, научни елаборати, магистерски и докторски дисертации. Нејзиното широко педагошко влијание беше уште еден начин на кој се манифестираше проникнатоста на научните интересирања на проф. Панзова со длабоката посветеност на образовната сфера, особено на логичко-методолошкото образование на сите нивоа, кон чие унапредување даде исклучително важен и вреден придонес.

**в) Логичкото образование**

Доследно на својата визија за логиката како дисциплина што има централна улога во обликувањето на општите капацитети на личноста за јасно, доследно, систематично и издржано мислење и аргументирање, проф. Виолета Панзова голем дел од својот професионален и личен ангажман посвети на осмислувањето на оптималниот начин на реализирање на образованието по логичкиот корпус предмети на сите рамништа во нашиот образовен систем. Тргнувајќи од уверувањето дека развиените вештини на критичкото мислење се едни од најдрагоцените алатки што на младите умови можат да им ја овозможат интелектуалната навигација низ сè посложените услови на современиот живот и да ги оспособат за продуктивна примена на нивните способности во кое и да е професионално подрачје, таа особено се вложи во изработката на новиот концепт и на педагошките материјали по предметот логика во средното образование во нашата земја. Така, проф. д-р Виолета Панзова е автор не само на актуелната предметна програма по логика за гимназиското образование, туку и на книгата *Логика за четврта година на реформираното гимназиско образование* (Скопје: Просветно дело, 2005). Оваа книга е прифатена како официјален учебник по предметот *логика* во гимназиското образование во учебната 2004/05 година и е преведена и на албански јазик, така што таа претставува еден од ретките единствени учебници во средните училишта во нашата Република.

Иновативноста на овој учебник се состои, меѓу другото, и во оригиналниот распоред на содржините, кој ја надминува дихотомијата „формална логика/методологија", според која се организирани голем број од традиционално концепираните средношколски учебници по

логика. Поаѓајќи од дефиниција на единствениот концепт на логичката наука, чие оформување претставуваше кулминација на нејзината долгогодишна посветеност на оваа научна област, проф. Панзова на кохерентен, систематски, методички функционален и инспиративен начин ги изложува сите клучни сегменти на подрачјето на логиката како дисциплина. Тие го опфаќаат определувањето на самиот статус на логиката и нејзиниот однос со јазикот и со мислењето, проблематиката на поимите и нивното образување и објаснување, проблематиката на исказите и нивната поделба, како и нивното изведување и докажување, карактеристиките и формите на различните видови аргументација – дедуктивниот, индуктивниот и дијалектичкиот тип аргументација, различните видови логички грешки во расудувањето и аргументирањето, како и логичките претпоставки на научниот метод и систематизирањето на научните знаења. Особено вреден доказ за нејзиното стручно и педагошко мајсторство претставува начинот на кој некои од современите, комплексни логички теории и резултати се вградени во ткивото на учебникот и се објаснети на прецизен и разбирлив начин. Меѓу спецификите на овој учебник спаѓа и осмислувањето на многубројните поттикнувачки прашања, проблеми и загатки што ја стимулираат интелектуалната имагинација на учениците и ги мотивираат за подлабоко навлегување во тајните на логиката. Високиот научен квалитет и педагошко-методичката функционалност на ова дело се потврдени преку неговата долгогодишна успешна употреба во средното образование, како од страна на наставниците, така и од страна на многубројни генерации ученици.

Единството на научните и на педагошките квалитети ја одликува и книгата *Логика – општа теорија на рационалноста* (Скопје: Филозофски факултет, 1999), која по формата и начинот на обработката на содржините претставува универзитетски учебник за предметот *логика – општ курс*, а од квалитативен аспект – студија посветена на основните тематски области на класичната и на современата логика. Книгата се одликува со концепциска иновативност, јасност и прегледност, со внимателно обмислен избор и распоред на информациите и со силна документарна поткрепеност. Во образовна смисла, со ова дело на извесен начин се заокружува интегралниот третман на логиката како дисциплина во долгата и плодотворна традиција на логичките

истражувања во рамките на дејноста на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет. Така, додека учебниците на проф. д-р Јонче Јосифовски, *Увод во симболичката логика* (Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј“, 1970) и *Историја на логиката* (Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј“, 1984), наменети за студентите на Институтот за филозофија, беа фокусирани првенствено врз формалниот и врз историскиот аспект на логиката сфатена во потесна смисла, оваа студија има интелектуална мисија на афирмација на поширокатa концепција за логиката, во која освен формално-логичките, се вклучени и значајни комплекси од епистемолошки и методолошки прашања. Така, првиот дел од книгата се однесува на проблемите поврзани со можностите и границите на познанието, како и со односот на комуникацијата, познанието и јазикот. Јадрото на прашањата и резултатите на современата формалната логика се изложени во рамките на вториот дел, посветен на идејата за логиката како универзален јазик, а третиот дел од книгата се занимава со односот на логиката и науката, вклучително и на методите што имаат клучна улога во стекнувањето и систематизирањето на научните знаења – индуктивниот и дедуктивниот метод. Значајна особеност на содржинската концепција на оваа книга е што таа завршува со поглавје што мошне ретко се среќава во логичко-методолошките публикации од овој вид, но кое е мошне значајно за разбирање на интегралната природа на логиката и широчината на нејзиниот домен – поглавјето посветено на проблемот на вредносните судови во историјата, како и во етиката, естетиката и другите аксиолошки филозофски дисциплини. Карактерот на ова дело е условен од концепцијата и содржината на општиот курс по *логика*, кој е наменет за сите студенти на Филозофскиот факултет и на УКИМ и кој, под раководството на проф. Панзова, долги години беше еден од најпосетуваните општи курсеви на Факултетот, а за кој оваа студија претставуваше основна литература. Во таа смисла, книгата *Логика – општа теорија на рационалноста* ги надградува теориските придобивки остварени во учебниците на нејзиниот професор и претходник, проф. д-р Јонче Јосифовски, поставувајќи ги сознанијата и проблемите третирани во нив во еден глобален теориски контекст, и отворајќи ја логиката кон најширокиот круг читатели заинтересирани за дострелите на оваа дисциплина.

Сепак, придонесот на проф. Панзова за сферата на логичко-методолошкото образование во нашата средина не би можел да биде адекватно согледан, доколку покрај нејзините трудови што имаат педагошка содржина и функција не се земе предвид и нејзината интензивна посветеност на практичната дејност како универзитетски професор, која има импресивна широчина. Така, во текот на својот работен век, проф. Панзова, изведуваше настава по предметите: *увод во симболичката логика*, *историја на логиката*, *филозофија на јазикот*, *академско пишување*, на Институтот за филозофија; по повеќе сродни предмети на другите институти на Филозофскиот факултет (*логика – општ курс*, *општа методологија*, *техника на научната работа*), како и на други факултети (Економскиот и Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, Педагошкиот факултет во Штип). Во долгогодишната универзитетска дејност проф. Панзова, исто така, иницираше низа нови подрачја на истражување во рамки на логиката, филозофијата и пошироко, во науката, како што се: *некласични логики, филозофија на логиката, филозофија на науката* и *современи логички истражувања на природните јазици*, кои се етаблирани како предмети во наставните програми на додипломските, последипломските и докторските студии по филозофија. Курсевите што таа ги реализираше како универзитетски професор ги следеле и успешно ги завршиле повеќе од 20 000 студенти. Проф. Панзова повеќе години беше ангажирана во изведувањето на наставата по низа предмети на последипломските студии, не само на Филозофскиот факултет, туку и на Филолошкиот факултет, како и на Архитектонскиот факултет во Скопје, по предметот *методологија на научно-истражувачката работа*. Од отворањето на Школата за докторски студии при УКИМ (2011/2012 г.) па сè до учебната 2019/2020 година, проф. д-р Панзова изведуваше настава по предметите *општа методологија на научното истражување* и *создавање на научно дело*, курсеви кои ги избрале и успешно ги завршиле повеќе од 650 докторанти. Важноста и квалитетот на нејзиниот научен и наставен придонес беа препознаени и од пошироката општествена заедница, како резултат на што во 2006 година, за особено значајни долгогодишни остварувања во областа на образованието и науката, ѝ беше доделено највисокото државно признание – наградата „11 Октомври“.

Активноста на проф. Виолета Панзова во научно-образовната сфера буквално до последните денови на нејзиното физичко постоење сведочеше дека професорскиот позив за неа беше многу повеќе од работен ангажман. Тој, всушност, ја отелотворуваше нејзината животна мисија за ширење на просветителската искра на знаењето и разбирањето во сите умови и срца со кои доаѓаше во допир преку својата дејност; задоволството што го црпеше од работата со своите студенти и соработници недвосмислено покажуваше дека тоа беше едно од најважните подрачја на нејзината самоактуализација. Нејзиниот професионализам, одговорноста и посветеноста на постигнувањето на највисоките академски стандарди, здружени со отвореноста, срдечноста и комуникативноста во односот со студентите, со заемната почит и искрената грижа за нивното професионално и лично напредување, придонесуваа за градењето исклучително квалитетна релација со многубројните генерации нејзини студенти, кои засекогаш ќе ја паметат својата професорка како извор на знаење, мудрост и инспирација.

На тој начин, низ различните аспекти и рамниште од творечкото дејствување на проф. д-р Виолета Панзова идејата за логиката како *medicina mentis* доживува една од своите најуверливи реализации. Секој што ја почувствувал суптилната, но интензивна, возвишувачка сила на јасната, прецизна, логички доследна и вредносно изградена мисла, несоменено ја искусил и нејзината „лековита“ моќ. Благодарение на таа моќ, маглините на интелектуалниот хаос постепено се расчистуваат, скриените врски меѓу нештата и нивните длабински структури чекор по чекор стануваат видливи за окото на умот, а менталните алатки стекнуваат поголема острина и способност за борба против штетноста на незнаењето и на неетичката употреба на знаењето, како во нашиот однос кон самите себеси, така и во комуникацијата со другите личности. Да се посвети својот живот и својата човечка енергија на развивањето, унапредувањето и негувањето на таквата моќ преку својот жив и пишан збор, да се допре до толку многу животи во најделикатните фази од нивното човечко обликување, будејќи ги благородните стремежи на нивниот ум и оспособувајќи ги за квалитетно мислење и дејствување, да се остане засекогаш во светлите спомени на другите луѓе е можеби еден од најголемите филозофски

и човечки дострели. Несомнено, проф. д-р Виолета Панзова е една од оние ретки личности што тој дострел го имаат остварено на таков достоинствен, поттикнувачки и вонвременски драгоцен начин.